## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 23 став (5) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО, НАЧИНОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИ ЕТИКЕТИ

### Член 1

Во Правилникот за форма и содржина на барањето, начинот и висината на надоместокот за издавање на официјални етикети („Службен весник на Република Македонија" бр.43/15), членот 5 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за издавање на официјални етикети за семенски и саден материјал кај земјоделските растенија (печатење на етикети, матријални трошоци за издавање и друго) по категории, по еден примерок, заедно со вклучен данок на додадена вредност изнесува:

А) за семенски материјал

- официјални етикети за предосновно семе 1 денар
- официјални етикети за основно семе 3 денари
- официјални етикети за сертифицирано семе од I генерација 3 денари
- официјални етикети за сертифицирано семе од II генерација 3 денари
- официјални самолепливи етикети за семиња 3 денари

Б) за саден материјал

- официјални етикети за стандарден лозов материјал за размножување и саден

материјал 3 денари

- официјални етикети за сертифициран лозов материјал за размножување и саден

материјал 3 денари

- официјални етикета за стандарден овошен материјал за размножување и саден

материјал 3 денари

- официјални етикети за сертифициран овошен материјал за размножување и саден

материјал 3 денари

- официјални етикети за материјал за размножување и саден материјал од украсни

растенија 3 денари

- официјални етикети за материјал за размножување и расад од градинарски растенија

3 денари“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 26 – 317/6

27 декември 2018 година

Скопје

Министер за земјоделство,

шумарство и водостопанство,

**Љупчо Николовски,** с.р.